WINNER Life
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата дваесетитрета седница на Управниот одбор на ден 04.09.2019 година донесе:

# ОДЛУКА
## за воведување на нов производ, услови за животно осигурување и технички бизнис план

### Член 1
Се усвојува одлуката на Управниот одбор на друштото за воведување на продуктот **"Protector"** како нов продукт за животно осигурување.

### Член 2
Се усвојуваат посебните услови за осигурување во случај на смрт, доживување и настапување на тешки болести.

### Член 3
Се усвојува Технички бизнис план за продуктот "Protector".

### Член 4
"Protector" продуктот претставува осигурување на живот во случај на смрт и доживување, со вклучено осигурување од настапување на тешки болести. Осигурената сума за смрт и доживување е еднаква со осигурената сума во случај на настанување на тешка болест. Доколку на осигуреникот му се исплати осигурената сума за тешка болест, осигурувањето престанува да важи. Во овој продукт покритие имаат и децата на осигуреникот од настанување на тешки болести, но најмногу до две деца во износ од 50% од осигурената сума. Доколку се исплати дел од осигурената сума за настанување на тешка болест ка дете, осигурувањето на родителот останува непроменето. Во овој продукт може да се вклучат дополнителни осигурувања за траен инвалидитет и за операции.

### Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

WINNER Life
VIENNA INSURANCE GROUP

# Образложение

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања донесе одлука за воведување на "Protector" продуктот кој претставува осигурување на живот во случај на смрт, доживување и настанување на тешка болест.

Воведувањето на овој продукт е со цел да се понуди подобар продукт на клиентот согласно неговите потреби.

Горенаведените услови и технички план се составен дел на "Protector" продуктот.

Токму поради горенаведеното Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје**

**Претседател на Управен одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен Одбор**
**Бернд Ацхатз**

www.winnerlife.mk
Ул. „11 Октомври„ бр. 25 кат 8 1000 Скопје, Р.С. Македонија Тел./факс: +389 (02) 3114 333 е-пошта: life@winnerlife.mk